РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 13-13430/2
24-11-2022 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 28.11.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org | Број: Numri | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlera: |
| 08 | 17/92 | / | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10,51/11,96/19 и 110/19) и член 38 став 1 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/0, 35/06, 30/07, 49/07, 81/0, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 229/20), министерот за образование и наука ја донесе испитната програма по **математика за државна матура во гимназиско и средно стручно образование за учебната 2022/2023 година**.

ИСПИТНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАТЕМАТИКА

ДРЖАВНА МАТУРА

Скопје, 2022

## 1. ВОВЕД

Испитната програма по математика за државна матура во гимназиското и средното стручно образование е документ којшто на училиштата, наставниците, ученицие/кандидатите и сите други заинтересирани за овој испит им нуди информации за содржината и квалитативниот аспект на испитот.

Намената на програмата е да:

- го насочи кандидатот успешно да се подготви за полагање на матурскиот испит по математика;
- му помогне на наставникот за успешна реализација на наставната прогама во функција на подготвување на учениците за матурски испит по математика.

Испитната програма е заснована на наставните програми по математика од I до IV година за гимназиско и средно стручно образование. Матурската испитна програма не ги содржи сите елементи на наставните програми по математика од I до IV година, а оние кои ги содржи се пресек од содржините кои се изучуваат во гимназиското и средното стручно образование и за кои комисијата процени дека треба да бидат вклучени во матурскиот испит.

Испитната програма ги содржи следните компоненти:

- Општа цел на испитот
- Содржина на испитот
- Спецификација на подрачјата и способностите
- Конкретизација на целите
- Спецификациска мрежа за испитот
- Опис на испитот
- Начин на оценување на постигнувањата на учениците

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА ИСПИТОТ

Матурскиот испит по математика се спроведува на крајот од четиригодишното средно образование. Во рамките на државната матура тој се полага екстерно.

Цел на испитот по математика е да се провери:

- дали учениците имаат стекнато знаења и споспбности кои ќе му овозможат успешно да го продолжи своето образование во високообразовните институции;
- колкаво е нивото на математичката подготвеност на ученикот за успешно да се вклучи во процесот на работа; и
- колку е оспособен ученикот да ја користи математиката во секојдневниот живот (кое е нивото на неговата општа математичка писменост и култура).

За да го положи испитот по математика, ученикот треба да:

- е способен за логичко расудување, решавање проблеми, како и графичка и вербална математичка комуникација;
- покажува сигурност при користење на своето математичко знаење и способности во различни контексти; и
- има изградено способности за правилно проценување и избирање на стратегии за решавање дадени проблеми и да ја разбира меѓусебната поврзаност на математичките подрачја.

## 3. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

### 3.1 Спецификација на подрчјата (содржините) и способностите

Испитната програма е ориентирана кон проверка на математичките знаења и способности на ученикот. Подрачјата кои се опфатени со оваа испитна програма се:

- Математичка логика и множества
- Реални и комплексни броеви
- Алгебра
- Геометрија
- Тригонометрија

Способностите кои ученикот треба да ги има за успешно решавање на испитните задачи се групирани во четири ниво од C1 до C4.

Ученикот треба да:

- **(C1) знае поими, факти и постапки** (искажува, препознава, пресметува и користи инструменти и техники);
- **(C2) користи поими, факти и постапки** (познава, класифицира, претставува, формулира, разликува и применува);
- **(C3) решава едноставни проблеми** (избира ефикасни стратегии, прави соодветен математички модел, толува даден математички модел, применува знаења на поими, факти и постапки, како и проверува конкретност на избрана постапка или модел за решавање и вреднува точност – разумност на добиено решение); и
- **(C4) расудува – размислува логички и систематски** (прави претпоставки, анализира, проценува, односно создава математички идеи, претпоставки и модели, организира и толкува математички информации, генерализира, поврзува, синтетизира, решава нестандардни проблеми и образложува – докажува).

## 3.2 Конкретизација на целите (знаењата и способностите) по подрачја

| ПОДРАЧЈЕ 1: МАТЕМАТИЧКА ЛОГИКА И МНОЖЕСТВА | |
|---|---|
| **Содржини** | **Знаења и способноси**<br>***Ученикот да:*** |
| 1. МАТЕМАТИЧКА ЛОГИКА<br>- Поим за исказ<br>- Логички операции (негација, конјункција, дисјункција, импликација, еквиваленција)<br>- Сложен исказ<br>- Логички закони (комутативен, асоцијативен, дистри-бутивен, закон за замена на импликацијата, закон за непротивречност, закон за исклучување на третото, Де морганови закони, модус поненс, модус толенс, хипотетич-ки силогизам) | - објаснува преку примери што е исказ;<br>- ги користи вистинитосните таблици на операциите со искази во решавање на проблеми од секојдневен контекст;<br>- испитува вистинитосни вредности на исказни формули;<br>- користи логички закони при решавање на задачи. |
| 2. МНОЖЕСТВА<br>- Поим за множество и подмножество<br>- Начини на задавање на множества<br>- Операции со множества<br>- Закони за операции со множества | - претставува множества на различни начини;<br>- решава проблеми со пресек, унија и разлика на множества;<br>- користи својствата на операциите со множества во решавање на задачи. |

| ПОДРАЧЈЕ 2: РЕАЛНИ И КОМПЛЕКСНИ БРОЕВИ | |
|---|---|
| **Содржини** | **Знаења и способноси**<br>***Ученикот да:*** |
| 1. БРОЕВИ И ОПЕРАЦИИ СО БРОЕВИ<br>- Природни броеви<br>- Цели броеви<br>- Рационални броеви<br>- Реални броеви<br>- Комплексни броеви | - користи деливост, НЗС и НЗД на природни броеви;<br>- користи интервали и апсолутна вредност на реален број;<br>- одредува имагинарен и реален дел на комплексен број, конјугиран и спротивен број на даден комплексен број;<br>- решава задачи со примена на еднаквост на комплексни броеви;<br>- одредува модул на комплексен број;<br>- претставува графички комплексни броеви.<br>- пресметува вредност на бројни изрази со реални броеви;<br>- решава проблеми кои вклучуваат операции со реални броеви;<br>- решава задачи со операции со комплексни броеви. |
| 2. ПРОПОРЦИОНАЛНОСТ НА ВЕЛИЧИНИ<br>- Размер и пропорции, права и обратна проборционалност<br>- Просто и сложено тројно правило<br>- Процентна сметка: одсто, подсто, надсто<br>- Делбена сметка<br>- Процентни сметки: од сто, под сто, над сто<br>- Каматна сметка | - решава проблеми од секојдневен контекст со примена на размер;<br>- пресметува непознат член од пропорција;<br>- составува продолжена пропорција и да ја примени во проблеми од секојдневниот живот;<br>- користи просто, сложено тројно правило и делбена сметка во решавање на проблеми;<br>- одредува процент под сто и над сто;<br>- решава проблеми со примена на процентна и каматна сметка. |

| ПОДРАЧЈЕ 3: АЛГЕБРА | |
|---|---|
| **Содржини** | **Знаења и способноси**<br>***Ученикот да:*** |
| 1. АЛГЕБАРСКИ РАЦИОНАЛНИ ИЗРАЗИ<br>- Степен со показател природен број<br>- Цели разионални израци: мономи и полиноми<br>- Дробно рационални изрази | - извршува операции со степени со показател природен број;<br>- применува операции со мономи;<br>- одредува степен на полином и трансформира полином во нормален вид;<br>- извршува операции со полиноми без и со користење на формулите за скратено множење;<br>- разложува полиноми на прости множители со корист-ење на: дистрибутивното својство, формулите за скратено множење и групирање;<br>- одредува НЗД и НЗС на полиноми;<br>- одредува област на дефинираност на алгебарски дропки;<br>- извршува операции со алгебарски дропки. |
| 2. ЛИНЕАРНА РАВЕНКА. ЛИНЕАРНА НЕРАВЕНКА<br>- Линеарна равенка со една непозната<br>- Линеарна неравенка со една непозната | - решава линеарна равенка со една непозната и ги дискутира решенијата;<br>- решава проблеми што се сведуваат на решавање на линеарна равенка со една непозната;<br>- решава линеарни неравенки со една непозната и решението го претставува на бројна права и со интервал. |
| 3. ЛИНЕАРНА ФУНКЦИЈА, СИСТЕМ ЛИНЕАРНИ РАВЕНКИ И СИСТЕМ ЛИНЕАРНИ НЕРАВЕНКИ<br>- Реална функција<br>- Линеарна функција<br>- Систем од две линеарни равенки со две непознати<br>- Систем од две линеарни неравенки со една непозната | - одредува дефинициono множество и множество вредности на дадена реална функција;<br>- испитува својства на линеарна функција и црта график;<br>- ги користи условите за паралелност на две прави и пресечни точки со координатните оски во задачи;<br>- графички решава системи линеарни равенки со две непознати;<br>- составува и решава систем од две линеарни равенки со две непознати во секојдневен контекст; |

| | |
|---|---|
| | - решава проблеми и графички го интерпретира решението на систем и вкупност линеарни неравенки со една непозната. |
| 4. КВАДРАТНА РАВЕНКА. КВАДРАТНА ФУНКЦИЈА<br>- Неполна и полна квадратна равенка<br>- Природа на решенија на квадратна равенка<br>- Виетови формули и нивна примена<br>- Поим за квадратна функција<br>- График на елементарни квадратни функции<br>- Каноничен вид на квадратна функција, теме на парабола | - решава неполна и полна квадратна равенка;<br>- ја одредува природата на решенијата на квадратна равенка;<br>- ги дискутира решенијата на квадратна равенка во зависност од параметарот;<br>- ги запишува Виетовите формули за дадена квадратна равенка;<br>- ги применува Виетовите формули при решавање на задачи;<br>- решава проблеми кои се сведуваат на решавање на квадратна равенка;<br>- разложува трином на множители;<br>- одредува нули и теме на квадратна функција;<br>- запишува во каноничен вид квадратна функција;<br>- испитува тек и црта график на квадратна функција. |

| ПОДРАЧЈЕ 4: ГЕОМЕТРИЈА | |
|---|---|
| **Содржини** | **Знаења и способноси**<br>***Ученикот да:*** |
| 1. ГЕОМЕТРИСКИ ФОРМИ ВО РАМНИНА<br>- Основни геометриски форми<br>- Полуправа, отсечка, полурамнина<br>- Кружница, круг<br>- Агол и видови агли<br>- Искршена линија, многуаголник<br>- Вектор. Операции со вектори | - ги набројува основните геометриски форми во рамнина;<br>- определува заемна положба на основните геометриски форми;<br>- ги применува основните тврдења (аксиоми) за заемните односи на основните геометриски форми;<br>- решава задачи со примена на знаењата за полуправа, отсечка, полурамнина, агол, круг и многуаголник;<br>- решава задачи со мерење и споредување на отсечки;<br>- решава проблеми во врска со мерење на агол во степени;<br>- споредува кои вектори се: еднакви, спротивни, колинеарни или компланарни;<br>- собира и одзема вектори, и множи вектор со број;<br>- решава задачи со примена на вектори и операции со вектори. |
| 2. ПЕРИМЕТАР И ПЛОШТИНА НА ФОРМИ ВО РАМНИНА<br>- Поим за периметар и плоштина<br>- Периметар и плоштина на: правоаголник, триаголник, четириаголник, правилни многуаголници<br>- Периметар на кружница и должина на кружен лак<br>- Плоштина на круг и делови од круг | - одредува периметар и плоштина на: правоаголник, квадрат, ромб, ромбоид, трапез и трапезоид;<br>- решава задачи во кои се користи периметар и плоштина на: правоаголник, квадрат, ромб, ромбоид, трапез и трапезоид;<br>- решава задачи со периметар и плоштина на разни видови триаголници;<br>- пресметува периметар и плоштина на правилен многу-аголник;<br>- пресметува периметар на кружница и должина на кружен лак;<br>- решава проблеми со пресметување на плоштина на круг, кружен исечок, кружен отсечок и кружен прстен;<br>- решава проблеми од секојдневен контекст со пресметување на плоштина на комбинирани рамнински форми. |

| | |
|---|---|
| 3. ГЕОМЕТРИСКИ ФОРМИ ВО ПРОСТОР<br>- Точка, права и рамнина<br>- Геометриско тело<br>- Рабести и валчести тела<br>- Пресек на геометриски тела со рамнина | - определува заемна положба на точка и права, точка и рамнина, две прави, две рамнини, права и рамнина во простор;<br>- набројува видови рабести тела и видови валчести тела;<br>- разликува и именува разни видови рабести тела (призми, пирамиди и потсечени пирамиди);<br>- разликува и именува разни видови валчести тела (прав кружен цилиндар, прав кружен конус, потсечен кружен конус, сфера и топка);<br>- скицира и препознава различни пресеци на призма, пи-рамида, цилиндар, конус и топка со рамнина, и ја пресметува плоштината на истите пресеци. |
| 4. ПЛОШТИНА И ВОЛУМЕН НА ГЕОМЕТРИСКИ ТЕЛА<br>- Поим за плоштина и волумен на тело<br>- Призма<br>- Пирамида<br>- Цилиндар<br>- Конус<br>- Топка | - пресметува плоштина и волумен на: призма, пирамида, потсечена пирамида, цилиндар, конус, потсечен конус, топка и делови од топка по формула;<br>- пресметува плоштина и волумен на: призма, пирамида, потсечена пирамида, цилиндар, конус, потсечен конус, топка и делови од топка со предходно пресметување на еден елемент потребен во формулата;<br>- решава проблеми од секојдневен контекст со пресметување на плоштина и волумен на: призма, пирамида, потсечена пирамида, цилиндар, конус, потсечен конус, топка и делови од топка;<br>- пресметува плоштина и волумен на посложени геометриски форми. |

| **ПОДРАЧЈЕ 5: ТРИГОНОМЕТРИЈА** | |
|---|---|
| Содржини | **Знаења и способноси**<br>**Ученикот да:** |
| 1. ТРИГОНОМЕТРИСКИ ФУНКЦИИ ВО ПРАВО-АГОЛЕН ТРИАГОЛНИК<br>- Мерење на агли (степени и радиани)<br>- Поим и дефиниција на тригинометриски функции од остар агол<br>- Тригонометриски функции од комплементни агли<br>- Вредност на тригонометриските функции од аглите: $30^0$, $45^0$, $60^0$<br>- Основни тригонометриски идентитети<br>- Решавање на правоаголен триаголник | - запишува даден агол од степени во радијани и обратно;<br>- го одредува аголот ако е дадена тригонометриската функција од комплементни агли;<br>- ги користи во задачи вредностите на тригонометриските функции за агли од $30^0$, $45^0$ и $60^0$;<br>- определува вредност на останатите тригонометриски функции кога е позната една од нив;<br>- упростува тригонометриски изрази;<br>- подредува по големина вредности на тригонометриски функции од остар агол;<br>- решава проблеми од секојдневен контекст кои се сведуваат на решавање на правоаголен триаголник. |

## 4. СПЕЦИФИКАЦИСКА МРЕЖА НА ИСПИТОТ

Во следната шема е дадена процентната застапеност на подрачјата (темите или модуларните единици) и способностите во тестот по математика. Бројот на испитните задачи од секое подрачје кои вклучуваат и одредена група способности ќе биде соодветен на нивната процентна застапеност во однос на вкупниот број испитни задачи кои ќе ги содржи тестот.

| Подрачја | Способности | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | С1 | С2 | С3 | С4 | Застапеност (%) |
| П1 | | | | | 7 |
| П2 | | | | | 12 |
| П3 | | | | | 40 |
| П4 | | | | | 34 |
| П5 | | | | | 7 |
| Застапеност (%) | 30 | 30 | 25 | 15 | 100 |

С1 – знае поими, факти и постапки

С2 - користи поими, факти и постапки

С3 – решава едноставни проблеми

С4 – расудува – размислува логички и систематски

П1 – Математичка логика и мно

П2 – Реални и комплексни броеви

П3 - Алгебра

П4 – Геометрија

П5 – Тригонометрија

## 5. ОПИС НА ИСПИТОТ

Испитот по предметот математика се полага писмено.

Времетраењето на испитот по математика е 180 минути.

Во тестот се застапени три вида на испитни задачи:

- задачи во кои ученикот треба да избери еден точен од повеќе понудени одговори;
- задачи во кои ученикот треба на означеното место да запише краток одговор; и
- задачи во кои ученикот треба да ја прикаже целата постапка на решавање.

За време на испитот дозволено е ученикот да има: линијар и шестар, а по проценка на Државната матурска предметна комисија по математика, за целиот тест или за дел од тестот може да бидат понудени и формули.

Користење на калкулатор не е дозволени.

## 6. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Максималниот број на бодови што може да се освојат на испитот по математика е од 60 до 80.

Точниот одговор на задачите во кои ученикот треба да избере еден точен од повеќе понудени одговори се оценува со 1 бод или со 2 бода.

Точниот одговор на задачите во кои ученикот треба на означеното место да запише краток одговор се оценува со 1 бод или со 2 бода.

Задачите во кои се бара ученикот да ја прикаже целата постапка на решавање, решавање на проблемска ситуација, да се дискутира, образложува и слично се оценува така што одделно се оценува точното решавање во секоја фаза (чекор). Зависно од бројот на барањата овие задачи се оценуваат со 3 бода или повеќе од 3 бода.

Оценувањето се врши екстерно и централизирано врз основа на однапред изготвено упатство и усогласени критериуми.

Потребниот број бодови за да се положи испитот, како и распонот на бодови за секоја од позитивните оценки (од 2 до 5) се утврдува по завршување на испитот.

За да се положи испитот по математика не е неопходно да се освојат сите предвидени бодови. Сепак, подготовката на ученикот, како и неговите амбиции треба да бидат насочени кон освојување на што е можно поголем број бодови.

Испитната програма по *математика* за гимназиско и средно стручно образование за државна матура ја утврди:

На ден                                   , Скопје

МИНИСТЕР

Doc.Dr. Jeton Shaqiri